**Македонски Телеком АД - Скопје**

Согласно Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото) и Одлуката на Одборот на директори на Друштвото (арх. бр. 158529/1 од 27.2.2025 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 30.5.2025 година ја донесе следната

# Предлог Одлука

## за усвојување на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2024 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија"

### Член 1

Собранието на Друштвото ги усвојува ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2024 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија", заедно со ревизорското мислење, кои се дадени во прилог како составен дел на оваа Одлука.

### Член 2

Контрола, сметководство и даноци Hub треба да го организира доставувањето на ревидираните Финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2024 година во согласност со усвоените меѓународни стандарди за финансиско известување објавени во "Службен весник на Република Северна Македонија", заедно со ревизорското мислење, до надлежните државни институции во согласност со законските прописи.

### Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**
**Претседавач**